Врз основа на член 36 став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 5/2002), член 23 став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 61/2004 и 96/2004), и член 22 и 70 од Статутот на Општината Битола ("Службен гласник на Општината Битола" број 10/2005), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 29.12.2008 година, донесе

# О Д Л У К А

## за извршување на Буџетот на Општината Битола за 2009 година

Член 1

Буџетот на Општината Битола за 2009 година, (во понатамошниот текст-Буџетот), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

Член 2

Буџетот на Општината се состои од: Основен Буџет (општ, посебен и развоен дел); Буџет на самофинансирачки активности; Буџет на донации и Буџет на наменски и блок дотации.

Член 3

Извршувањето на Буџетот опфаќа наплата и евидентирање на приходи и други приливи во согласност со Закон и Планот на приходите, како и извршување на плаќања во согласност со одобрени средства.

Член 4

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално, економично како и ефективно и ефикасно да ги исполнат целите на Буџетската Програма преку транспарентни процедури.

Член 5

Расходите утврдени со Буџетот се максимални износи над кои локалните јавни установи не можат да превземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на Општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи од сразмерен износ.

Член 6

Градоначалникот на Општината ја следи реализацијата на Планот на приходите и другите приливи на основниот Буџет на Општината.

Доколку во текот на годината очекуваните приходи и други приливи се реализираат на:

*пониско ниво од одобрениот план, но не повеќе од 5%, Градоначалникот ги намалува одобрените средства на основниот Буџет;

*повисоко ниво од одобрениот план, но не повеќе од 5% Градоначалникот може да изврши дополнителни отплати на главнина и камати;

*односно отстапувањето на планот на приходите и другите приливи е повисоко од 5%, Градоначалникот предлага измени и дополнувања на Буџетот на Општината и проширување и пренамени до Советот на Општината;

Член 7

Пренамената во рамките на одобрените Буџети на локалните јавни установи ја одобрува Советот на Општината.

Во рамките на расходите утврдени во Буџетот на локалната јавна установа, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрено одобрување од Советот на Општината.

По исклучок локалната јавна установа не може да врши пренамени на Буџетот со кој се: зголемува буџетот одобрен за плати и надоместоци и намалуваат одобрените средства за одредени капитални програми.

Член 8

Локалните јавни установи во услови кога во Буџетот на самофинансирачки активности; буџетот на донации и/или буџетот на дотации, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на Општината на одобрување.

Член 9

Локалните јавни установи по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал локалната јавна установа го извршува врз основа на Финансиски план по месеци.

Член 10

Општинските локални јавни установи во рок од 15 дена по истекот на месецот за кој се однесува, до Градоначлникот доставуваат писмени месечни извештаи со образложение за извршувањето на нивните финансиски планови.

Член 11

Градоначалникот доставува до Советот на Општината писмени квартални извештаи со образложение за извршување на Буџетот во рок од 1 (еден) месец по завршување на кварталот.

Член 12

Месечниот надоместок на членовите на Советот на Општината Битола за присуство на седниците на Советот изнесува 70% од просечната месечна плата во Републиката, исплатена за претходната година.

На Претседателот на Советот за раководење и организирање на работата на Советот му се определува надоместок зголемен за 30% од утврдениот надоместок од став 1 на овој член.

Член 13

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во Буџетот, односно нето платите се утврдуваат:

- за избраните и именуваните лица нето појдовната основа за 1 коефициент изнесува просечно исплатена месечна нето плата по вработен во Републиката за претходната година.

За вработените во општинската администрација:

- За државни службеници вредноста на бодот изнесува 48,52 ден.,

- За останатите вработени во Општинската администрација кои земаат плата по УНР нето основата изнесува 5.312 ден.

- За вработените во Противпожарната единица вредноста на бодот е 20,094 ден.

Зголемувањето на платите за 10% кај именуваните и избраните лица, општинската администрација, вработените во Територијалната противпожарна единица, вработените во локалните јавни установи и вработените во Општинскиот одбор на МЗ ќе се врши започнувајќи со исплатата на м. септември 2009 година.

Член 14

На вработените им се исплатува надоместок за регрес за годишен одмор во висина од 60% од просечната месечна нето плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата.

Член 15

Надоместокот за превоз до и од работно место, по претходно дадена писмена изјава, се исплатува само за вработените чие место на живеење е оддалечено над 2,5 км. од работното место во висина на цената на јавниот превоз, но не повеќе од 900,00 денари.

На вработените на кои врз основа на официјално одобрение им е дозволено да користат службени возила за личен превоз до и од работното место не им следува надоместок за превоз.

Член 16

Надоместокот за храна во текот на еден месец (доколку исхраната не е организирана) изнесува во висина од 25% од просечната месечна плата исплатена во Република Македонија во претходните три месеци, за државните службеници, вработените во Општинската администрација кои земаат плати по УНР, избраните и именуваните лица и вработените во Општинскиот одбор на МЗ.

Член 17

Надоместокот за дневница за службено патување во Републиката без трошоците за ноќевање изнесува 800 денари.

Доколку патувањето траело повеќе од 12 часа се исплатува цела дневница.

За патување во траење од 8 до 12 часа се исплатува 50% од утврдениот износ во ставот 1 од овој член.

Член 18

За деновите кога вработениот е на службен пат, боледување, годишен одмор или отсуство од работа по друг основ надоместокот за превоз и храна не се исплатуваат.

Член 19

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита од елементарни непогоди и други случаи, на вработениот во Општината и локалните јавни установи му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен.

Член 20

Во случај на смрт на вработениот  во општината и локалната јавна установа, на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ од две последни исплатени просечни месечни плати во органот каде што бил вработен работникот , но не повеќе  од 30.000,00 денари.

На вработениот во општината  и локалната јавна установа , во случај на смрт  на член на потесно семејство (родител, брачен другар, децародени во брак или вон брак , посиноци, посвоени деца,и деца земени на издржување) доколку живеел во заедница , му припаѓа парична помош во висина од од една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен, но не повеќе од 15.000,00 денари по семејство.

Живеењето во заедница подразбира вработениот во општината и локалната јавна установа  и членот на потесното семејство  да се со место на живеење на иста адреса што се докажува со документ за идентификација.Сите исплати на предните надоместоци се вршат врз основа на претходна оформена и комплетирана документација и донесено решение од страна на Градоначалникот на општината.

Средствата за овие намени се планираат во буџетот на општината во потпрограмата ДО Градоначалник потставка 413110 тековни резерви(разновидни расходи).

Член 21

Отпремнината при заминување во пензија на вработениот во општината и локалната јавна установа е во висина на двократен износ од платата исплатена во Републиката за соодветниот месец во кој работникот заминува во пензија.

Средствата за оваа намена се планираат во ставката 464940- Трансфери при пензионирање во потпрограмата ДО - Градоначалник

Член 22

Користењето на средствата од Буџетот на Општината за вршење на функциите на локалните јавни установи се набавуваат со фактури во кои посебно се искажани расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршење на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите неможе да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи во противвредност од 100 ЕУР каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

Член 23

Буџетот на Општината може да планира Буџетска резерва за финансирање на непланирани расходи, но не поголем износ од 3% од Буџетот.

За средствата утврдени во Буџетот на Општината како буџетска резерва, одлучува Советот на Општината, а ги извршува Градоначалникот. За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе годишен извештај за користењето на средствата од резервите до Советот.

Член 24

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на Општината.

Член 25

Локалните јавни установи можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат испразнети работни места само под услов, ако за тоа се обезбедени средства во Буџетот на Општината. За обезбедените средства Градоначалникот на Општината дава писмено известување, по претходно дадено позитивно мислење од Агенцијата за државни службеници на актите за систематизација.

Член 26

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно или на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случај каде надлежноста им припаѓа на други органи.

Член 27

Буџетот на Општината Битола се извршува од 01.01.2009 до 31.12.2009 година.

Член 28

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во “Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.07-3787/4
29.12. 2008 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), а врз основа на член 22 и член 149 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општинта Битола“ бр. 10/05) и член 1 од Одлуката за пристапување кон измени и дополнувања на Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 16/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 29.12.2008 година, донесе

# СТАТУТАРНА ОДЛУКА

## за измена и дополнување на Статутот на Општината Битола

### Член 1

Во Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05) во членот 34 став 1 после алинеја 15 се додава нова алинеја, која гласи: „Комисија за правата на децата“.

Во истиот член ставот 2 се менува и гласи:

Комисиите се составени од по 5 (пет) члена на Советот, освен Комисијата за еднакви можности помеѓу жените и мажите и Комисијата за правата на децата кои бројат 7 (седум) члена на Советот.

### Член 2

После членот 49 се додава нов член 49-а кој гласи:

„Комисијата за правата на децата ги разгледува прашањата од значење за проблематиката поврзана со децата, прашања од областа на социјалниот развој и опфатот на специфични ранливи групи, создавање институционални капацитети, јавна свест и развиена перспектива на детето, како и други прашања од значење на децата“.

### Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.07-3787/5
29.12.2008 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), член 2 став 2 од Законот за комуналните такси („Службен весник на РМ“ бр. 61/05) и член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општинта Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 29.12.2008 година, донесе

# О Д Л У К А

за измена и дополнување на
Одлуката за утврдување висината на комуналните такси
во Општината Битола

## Член 1

Во Одлуката за утврдување висината на комуналните такси во Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 09/05 и 20/07) во член 2 Тарифен број 1 под „а“ износот на таксата од 2300 се менува со 2000 денари, под „б“ износот на таксата од 700 ден. се менува со 500 денари.

## Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.07-3787/6
29.12.2008 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 82 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 70 и 128 став 2 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 29.12.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за оценување иницијативата доставена од
Иницијативниот одбор за основање урбана заедница

1. Позитивно се отценува иницијативата доставена од Иницијативниот одбор од жителите од подрачјето на Урбаната заедница „Гоце Делчев“ за основање нова урбана заедница.

2. Советот на Општината Битола смета дека се исполнети условите од член 127 и 128 од Статутот на Општината Битола, за оснивање урбана заедница (нова).

3. Новата урбана заедница ќе ги опфаќа следните населби со улиците: Населба Ушици 4 со улиците Јабланица, Кукуш, Рашанец и Костурска; Населба Раштанска со улиците: Петко Шалевски и Раштанска; Населба Стрежево и Населба Билјаник.

4. Урбаната заедница ќе го користи името „Кире Костадиновски“.

5. Овој Заклучок ќе го реализира Иницијативниот одбор за основање урбана заедница.

6. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 07-3787/7
29.12.2008 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 29.12.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување Стратегијата за развој на
туризмот во Општината Битола 2009-2014 година

1. СЕ УСВОЈУВА Стратегијата за развој на туризмот во Општината Битола 2009-2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 07-3787/8
29.12.2008 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 29.12.2008 година, донесе

# З А К Л У Ч О К
## за усвојување Локалниот акционен план за вработување во Општината Битола 2009-2010 година

1. СЕ УСВОЈУВА Локалниот акционен план за вработување во Општината Битола 2009-2010 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 07-3787/9
29.12.2008 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 29.12.2008 година, донесе

# З А К Л У Ч О К
за усвојување Планот за подобрување на работата
и управувањето во Општината Битола

1. СЕ УСВОЈУВА Планот за подобрување на работата и управувањето во Општината Битола.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 07-3787/10
29.12.2008 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 29.12.2008 година, донесе

# О Д Л У К А
## за одредување приоритет за проектот „Дом за стари лица по европски стандарди“

Член 1

Се усвојува одредувањето приоритет за реализација на Проектот „Дом за стари лица по европски стандарди“.

Член 2

Со реализацијата на овој проект се предвидува целосна реконструкција на постоечкиот и доградба на уште еден спрат во Домот за стари лица „Сју Рајдер“ Битола, конкретно негово трансформирање во Дом по европски стандарди за установи за сместување на стари лица.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.07-3787/11
29.12.2008 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), Советот на Општината Битола, на седницата одржана на 29.12.2008 година, донесе

# О Д Л У К А

## за организирање пречек на Новата 2009 година

Член 1

Заради продолжување на досегашната практика, Општината Битола ќе преземе активности за организирање акции и манифестации за организиран пречек на Новата 2009 година.

Член 2

За естетското украсување и урбаното уредување на потесното градско подрачје, како и за организирање на манифестациите, претставите, како и други придружни активности се формира Координативно тело во состав:

- Владимир Талески, градоначалник на Општината Битола;
- Живко Гацовски, член на Советот;
- Димитар Спасевски, член на Советот;
- Евдал Акифи, член на Советот;
- Кирчо Ташков, член на Советот.

Координативното тело ќе изработи програма за спроведување на активностите околу пречекот на Новата 2009 година.

Координативното тело да поднеси финансиски извештај за извршувањето на Програмата во рок од 60 дена до Советот на Општината Битола.

За оваа намена ќе се користат средствата од Буџетот на Општината Битола, потставка 425990, 426990, 464990-АО-Совет.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.07-3787/12
29.12.2008 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 06/02, 40/03 и 49/06) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), Советот на Општината Битола, на седницата одржана на 29.12.2008 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на
ЈП „Комуналец“ Битола за задолжување на ЈП „Комуналец“ Битола
со кредит за набавка на основно средство од
Стопанска банка АД Скопје

1. СЕ ДАВА согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈП „Комуналец“ Битола за задолжување на ЈП „Комуналец“ Битола со кредит за набавка на основно средство од Стопанска банка АД Скопје, донесена на седницата на Управниот одбор на Јавното претпријатие, одржана на 09.12.2008 година.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.07-3787/13
29.12.2008 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 13 и 26 став 5 алинеја 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ„бр.24/08), и член 70 од Статутот на Општина Битола ("Сл. гласник на Општина Битола бр. 10/05) Советот на Општина Битола на Седницата одржана на 29.12.2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на Урбанистички План вон населено место за изградба на повеќенаменска стопанска зона КО Буково-Општина Битола**

Член 1

**СЕ ОТПОЧНУВА** постапка за пристапување кон изработка и донесување на Урбанистички План вон населено место за изградба на повекенаменска стопанска зона-Општина Битола.

Границите на Урбанистичкиот План се: на североисток границата на урбаниот опфат се движи по осовината на железничката пруга Битола-Грција,на југоисток по границата на село Кравари, на југ границата се движи по осовината на магистралниот пат Битола-Грција и границите на КП.бр.443, КП.бр.451, КП.бр.450, КП.бр.1059, КП.бр.1051, КП.бр.1052, КП.бр.1050, КП.бр.1010, КП.бр.1014, КП.бр.1008, КП.бр.477, КП.бр.478, КП.бр.479, КП.бр.480, КП.бр.481, КП.бр.1005, КП.бр.1003, КП.бр.1002, КП.бр.504, КП.бр.503, КП.бр.501, КП.бр.498 и КП.бр.499,на запад и северозапад границата се движи по постоечкиот ГУП на град Битола се до пресекот со железничката пруга, каде се затвара опфатот.

Опфатот на вака предложениот Урбанистички План има површина од 29,70ха

Член 2

Финансирањето на постапката за изработка и донесување на Урбанистички План вон населено за изградба на повекенаменска стопанска зона КО Буково-општина Битола. ќе го врши подносителот на барањето.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Битола".

Бр.07-3787/14
29.12.2008 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 24 став 2 од Законот за урбанистичко и просторно планирање (“Сл. весник на РМ” бр. 24/08), и член 70 од Статутот на Општина Битола (“Сл. гласник на Општина Битола„ бр. 10/05) Советот на Општина Битола на седницата одржана на 29.12.2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување Нацрт – Планот на ДУП „Урбана Четврт 17“ Битола**

**Член 1**

**СЕ УТВРДУВА** Нацрт – Планот на ДУП „Урбана Четврт 17” Битола.

**Член 2**

По Нацрт Планот ќе се организира Јавна презенатација и јавна анкета

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во “Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.07-3787/15
29.12.2008 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 24 став 2 од Законот за урбанистичко и просторно планирање (“Сл. весник на РМ” бр. 24/08), и член 70 од Статутот на Општина Битола (“Сл. гласник на Општина Битола„ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 29.12.2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување Нацрт – Планот на Урбанистички План вон населено место „ОРЕЈ Дихово“ за стопански комплекс КО Дихово Општина Битола**

**Член 1**

**СЕ УТВРДУВА** Нацрт – Планот на Урбанистички План вон населено место „Ореј Дихово„ за стопански комплекс КО Дихово општина Битола.

**Член 2**

По Нацрт Планот ќе се организира Јавна презенатација и јавна анкета

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во “Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.07-3787/16
29.12.2008 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 24 став 2 од Законот за урбанистичко и просторно планирање (“Сл. весник на РМ” бр. 24/08) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 29.12.2008 година, донесе

# О Д Л У К А
## за утврдување Нацрт – Планот на Урбанистички План вон населено место за стопански комплекс (фабрика за експлоатација на минерална вода и CO2) на м.в. Лауфштани во КО Кременица Општина Битола

### Член 1

**СЕ УТВРДУВА** Нацрт – Планот на Урбанистички План вон населено место за стопански комплекс (фабрика за експлоатација на минерална вода и CO2) на м.в. Лауфштани во КО Кременица Општина Битола.

### Член 2

По Нацрт Планот ќе се организира Јавна презенатација и јавна анкета

### Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во “Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.07-3787/17
29.12.2008 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 12 став 4 од Законот за урбанистичко и просторно планирање (“Сл. весник на РМ” бр. 24/08), и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 29.12.2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за определување на с. Кукуречани за населено место со ретка изграденост**

**Член 1**

**С. КУКУРЕЧАНИ** кое е во состав на Општина Битола **СЕ ОПРЕДЕЛУВА** за населено место со ретка изграденост.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во “Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.07-3787/18
29.12.2008 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општина Битола ("Сл. гласник на Општина Битола бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 29.12.2008 година донесе

**О Д Л У К А**
**за ставање вон сила на Одлуката за пристапување кон измена и дополнување на текстуалниот дел на ГУП на град Битола во поглавје VII точка 5 и поглавје IX точка 4-I книга (Завршен извештај)**

Член 1

Со ова одлука се става вон сила Одлуката за пристапување кон измена и дополнување на текстуалниот дел на ГУП на град Битола во поглавје VII точка 5 и поглавје IX точка 4 -I книга (завршен извештај) објавена во „Сл. Гласник на Општината Битола" бр.3/2008.

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола".

Бр.07-3787/19
29.12.2008 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 26 став 5 точка 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ” бр. 24/08) пречистен текст и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 29.12.2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на ДУП „Ушици Блок 5“ Битола**

Член 1

**СЕ ДОНЕСУВА** Одлука за донесување на ДУП „Ушици Блок 5“ Битола.

Член 2

Границите на ДУП „Ушици Блок 5“ Битола се: на југ-јужна граница на КП бр. 1641, КП бр. 1639 и КП бр. 1638, исток осовина на ул. „Прилепска“, север-осовина на ул. „Илинденска“ и запад-западна граница на КП бр. 1641.

Опфатот на вака предложениот Блок има површина од 2,70 ха.

Член 3

ДУП „Ушици Блок 5“ - Битола се состои од текстуален и графички дел кои се составен дел на оваа Одлука.

Член 4

ДУП „Ушици Блок 5“ - Битола се заверува со потпис и печат од донесителот на планот.

Член 5

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.07-3787/20
29.12.2008 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 26 став 5 точка 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ” бр. 24/08) пречистен текст и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 29.12.2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на ДУП за дел од „Градски Спортско рекреативен Центар бр.1 Блок1 „Битола**

Член 1

**СЕ ДОНЕСУВА** Одлука за донесување на ДУП за дел од „Градски Спотско Рекреативен Центар бр.1 Блок 1„ Битола.

Член 2

Границите на ДУП за дел од „Градски Спотско Рекреативен Центар бр.1 Блок 1„ Битола се: на север улицата „Партизанска„ на исток улицата „Маршал Тито„ дел од парковската површина на Градското Шеталиште,на југ влез во комплексот на Градскиот стадион, на запад Печатницата Киро Дандаро и дел од површините на АРМ.

Опфатот на вака предложениот Блок има површина од 5,6ха.

Член 3

ДУП за дел од „Градски Спотско Рекреативен Центар бр.1 Блок 1„– Битола се состои од текстуален и графички дел кои се составен дел на ова Одлука.

Член 4

ДУП за дел од „Градски Спотско Рекреативен Центар бр.1 Блок 1„ – Битола се заверува со потпис и печат од донесителот на планот.

Член 5

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.07-3787/21
29.12.2008 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 26 став 5 точка 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ” бр. 24/08) пречистен текст и член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 29.12.2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на Урбанистички План вон населено место за хотелски комплекс „Меџитлија- КО Породин“ Општина Битола**

Член 1

**СЕ ДОНЕСУВА** Одлука за донесување на Урбанистички План вон населено место за хотелски комплекс „Меџитлија КО Породин“Општина Битола.

Член 2

Границите на Урбанистички План вон населено место за хотелски комплекс „Меџитлија КО Породин„општина Битола се: југ –пат А-I -16 Грчка граница, исток – осовина на сервисна улица во рамките на граничниот премин „Меџитлија„ север – осовина на сервисна улица во рамките на граничниот премин „Меџитлија.„ и запад осовината на локален пат кон село Меџитлија.

Опфатот на вака предложениот Урбанистички План има површина од 1,70ха.

Член 3

Урбанистички План вон населено место за хотелски комплекс „Меџитлија КО Породин“ Општина Битола се состои од текстуален и графички дел кои се составен дел на оваа Одлука.

Член 4

Урбанистички План вон населено место за хотелски комплекс „Меџитлија КО Породин“ Општина Битола.се заверува со потпис и печат од донесителот на Планот.

Член 5

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.07-3787/22
29.12.2008 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 5/2002), член 4-а став 1 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 6/02, 40/03 и 49/06), а во врска со член 22 став 1 точка 42 и член 70 од Статутот на Општината Битола ("Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 29.12.2008 година, донесе

# О Д Л У К А
## за издвојување и организирање во посебно трговско друштво дел од ЈКП „Водовод" Битола

Член 1

Од ЈКП „Водовод" Битола се издвојува дел од Стара филтер станица во месноста „Довлеџик" и од така издвоениот дел со основачки влог утврден според Законот од средства на ЈКП „Водовод" Битола, се основа ДООЕЛ за изградба и стопанисување со хидроцентрала ХЕП „Водовод" Битола.

Член 2

Се овластува Управниот одбор на ЈКП „Водовод" Битола да именува управител на Друштвото согласно ЗТД и да го задолжи Директорот да ги превземе сите потребни дејствија и активности согласно Законот во врска со основањето на Друштвото и уписот во Централниот регистар на РМ.

Член 3

УО на ЈКП „Водовод" – Битола ќе го утврди седиштето на Друштвото и дејностите на истото согласно националната класификација на дејности на РМ како следува:

**Е/Д Снабдување со електрична енергија, гас и вода**

**40 Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и топла вода**

**40.1 Производство и дистрибуција на електрична енергија**

**40.11 Производство на електрична енергија**

**40.11/1 Производство на хидроелектрична енергија**

**40.11/2 Производство на термоелектрична енергија**

**40.11/3 Производство на електрична енергија од други извори**

**40/13 Дистрибуција и трговија со електрична енергија**

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.07-3787/23
29.12.2008 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), а во врска со член 21 и чл.29 од Законот за буџетите („Службен весник на РМ“ бр.64/05, 4/08 и 103/08), Советот на Општината Битола, на седницата одржана на 29.12.2008 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## за развојни планови на Општината Битола за периодот од 2009 до 2011 год.

Со оваа програма се уредуваат изворите на средствата и наменското трошење на истите согласно законските прописи кои ја регулираат оваа материја.

Програмата започнува со реализација во 2009 г., а плановите опфатени со неа имат рок за реализрање во наредните 3 години, поточно заклучно со 2011 година. Планираните средства на оваа тригодишна развојна програма изнесуваат **286.205.773,00 денари** .(Прилог 1- составен дел на оваа програма)

Средствата во висина од **48.903.333,00 денари** се определени од буџетот на Општина Битола за 2009 г и се распределуваат на начин како што претходно потенциравме во Прилог 1.

Средствата во висина од **124.846.016,00 денари** ќе се определени од буџетот на Општината Битола за 2010 г и се распределуваат на начин како што претходно потенциравме во Прилог 1

Средствата во висина од **112.456.424,00 денари** ќе се определени од буџетот на Општина Битола за 2011 г и се распределуваат на начин како што претходно потенциравме во Прилог 1

Расходите за реконструкција и изградба на улици, паркинзи и канализација-колекторскиот систем ќе се извршуваат согласно динамиката на приливот на средствата и утврдената листа на приоритетните објекти.

Листите за приоритетни објекти ја утврдува Советот на Општината и е составен дел на оваа Програма (ПРИЛОГ 1 )

Динамиката на реализацијата, со утврдување на приоритет за реализација ја утврдува Градоначалникот и Комисијата за јавни и комунални дејности, а ја реализира Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште при Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комуналните дејности и уредување на градежното земјиште на Општина Битола.

1. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

- За спроведување на оваа програма се грижи Градоначалникот, Комисијата за јавни и комунални дејности и Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште при Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комуналните дејности и уредување на градежното земјиште на Општина Битола.
- Оваа Програма влегува во сила веднаш по изгласување од Советот на Општина Битола, а ќе се применува до крајот на годината, односно до донесување на Програмата за 2010 до 2012 г.

Бр.07-3787/24
29.12.2008 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

# ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ
# НА РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ ПО ГОДИНИ
## од 2009 до 2011 година

| Ред бр. | Име на буџетска програма | Име на развојна програма | Планирани работи за изведување | Износ за 2009 во ден | Износ за 2010 во ден | Износ за 2011во ден |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ЈД | | **Изградба и реконструкција на улици и локални патишта** | | | |
| 1 | | ЈДВ | ул. Цар Самоил | 2.000.000,00 | 5.000.000,00 | 5.000.000,00 |
| 2 | | ЈДЗ | улици и патишта во д.Оризари | 2.000.000,00 | 6.000.000,00 | 7.390.000,00 |
| 3 | | ЈДЛ | улици и патишта во населба Довлеџик | 2.403.333,00 | 6.403.444,00 | 4.403.334,00 |
| 4 | | ЈДК | улици и патишта во с. Поешево | 2.000.000,00 | 4.000.000,00 | 5.299.031,00 |
| 5 | | ЈДЈ | улици и патишта во с.Кукуречани и с. Црнобуки | 2.000.000,00 | 2.814.987,00 | 1.000.000,00 |
| 6 | | ЈДИ | улици и патишта во с.Граешница | 1.000.000,00 | 5.000.000,00 | 6.885.438,00 |
| 7 | | ЈДГ | ул. Железничка од ОУ Коле Канински до автобуска станица | 5.000.000,00 | 8.000.000,00 | 8.130.000,00 |
| 8 | | ЈДБ | Изградба на кеј на левата страна на р. Драгор | 2.250.000,00 | 5.000.000,00 | 5.000.000,00 |
| 9 | | ЈДЕ | локални патишта од с.дОризарии до с.Трн | 2.000.000,00 | 8.000.000,00 | 7.318.282,00 |
| 10 | | ЈДД | локални улици во г.Оризари, с.Крклино, с. Кукуречани | 4.000.000,00 | 12.000.000,00 | 10.985.271,00 |
| 11 | | ЈДА | ул.,,Прилепска, Никола Тесла | 3.000.000,00 | 6.000.000,00 | 3.000.000,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | JE | | **Изградба на простор за паркирање** | | | |
| 12 | | JEA | **Реконструкција на градски паркинзи планирани со ДУП** | 4.000.000,00 | 4.000.000,00 | 5.031.068,00 |
| 13 | | JEБ | **Изградба и реконструкција на паркинзи по должина на улици** | 2.250.000,00 | 5.000.000,00 | 5.000.000,00 |
| | J2 | | **Одведување и пречистување на отпадни води** | | | |
| 14 | | J2B | **Одведување и пречистување на отпадни води во д. Оризари** | 2.000.000,00 | 7.897.692,00 | 3.000.000,00 |
| 15 | | J2И | **Одведување и пречистување на отпадни води во згради БЛР1** | 2.000.000,00 | 6.000.000,00 | 4.154.000,00 |
| 16 | | J2Г | **Одведување и пречистување на отпадни води во с. Крклино** | 3.000.000,00 | 12.000.000,00 | 18.850.000,00 |
| 17 | | J2Б | **Изградба на фек канализација на ул.Ѓорги Наумов** | 5.000.000,00 | 17.729.893,00 | 10.000.000,00 |
| 18 | | J2A | **Изградба на мрежа за фекална канализација на ул. Довлеџик** | 3.000.000,00 | 4.000.000,00 | 2.010.000,00 |
| | | | **Вкупно по години:** | 48.903.333,00 | 124.846.016,00 | 112.456.424,00 |
| **Се вкупно:** | | | | 286.205.773,00 | | |

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 29.12.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за усвојување Локалниот план за акција на правата на децата во Општината Битола за 2009-2011 година

1. СЕ УСВОЈУВА Локалниот план за акција на правата на децата во Општината Битола за 2009-2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 07-3787/25<br>29.12.2008 г.<br>Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>на Советот на Општината Битола<br>Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 29.12.2008 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

за усвојување Извештајот за работата на
Советот на Општината Битола за 2008 година

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за работата на Советот на Општината Битола за 2008 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 07-3787/26
29.12.2008 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05), и член 141 од Деловникот на Советот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 15/05), Советот на Општината Битола, на седницата одржана на 29.12.2008 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
# за работа на Советот на Општината Битола
# за 2009 година

## ВОВЕДЕН ДЕЛ

Надлежностите на Единиците на локалната самоуправа, утврдени во Законот за локална самоуправа, Статутот и Деловникот на Советот претставуваат основа за донесување на Програмата за работа на Советот на Општината Битола за 2009 година.

Советот на Општината Битола, во текот на 2009 година ќе работи во услови кога ќе се одржат избори за претседател на Република Македонија и локални избори за избор на членови на Советот и градоначалник на Општината. Со оглед на тоа што претседателските и локалните избори се планираат да се одржат на крајот на месец март 2009 год. програмата е изработена согласно термините на кои ќе се одржат изборите.

Со цел да обезбеди услови за остварување на надлежностите и извршување на својата функција, како и обезбедување на пристап на сите заинтересирани субјекти, Советот ја програмира својата работа, при тоа на транспарентен начин презентирајќи ги основните насоки по кои ќе се раководи во текот на 2009 година.

Програмата во текот на целата година ќе биде отворена за секој нов предлог и истиот ќе биде добродојден, ако тоа значи збогатување и подобрување на нејзиниот квалитетот.

## ПОСЕБЕН ДЕЛ

### ЈАНУАРИ-ФЕВРУАРИ-МАРТ – I КВАРТАЛ

**- Одлука за утврдување и одбележување места за истакнување на изборни плакати за избор на Претседател на Република Македонија, членови на Советот и Градоначалник на Општината Битола**

ИЗРАБОТУВА: Општински инспекторат - Сектор
РАЗГЛЕДУВА: Комисија ја јавни и комунални дејности
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

- **Одлука за начинот на користење на просториите во домовите на месните заедници, за организирање предизборни собири од страна на организаторот на изборната кампања од подрачјето на Општината Битола.**

ИЗРАБОТУВА: Општински Одбор на МЗ
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за Месна самоуправа
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Декларација за одржување на чесни, слободни и демократски избори во Република Македонија за избор на Претседател на република Македонија, членови на Советот и Градоначалник на Општината Битола.**

ПРЕДЛАГА И
РАЗГЛЕДУВА: Комисиите при Советот на Општината Битола
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**<u>АПРИЛ-МАЈ-ЈУНИ – II КВАРТАЛ</u>**

**- Програма за одбележување на позначајни историски настани за 2009 година од страна на Општината Битола**.

ИЗРАБОТУВА И ПРЕДЛАГА .
Комисија за подигање спомен обележја
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Извештај за работата на Зоолошката градина – Битола за 2008 година**
**- Завршна сметка за финансиското работа на Зоолошката градина – Битола за 2008 година.**
**- Програма за работа на Зоолошката градина Битола за 2009 година**
ИЗРАБОТУВА: Зоолошка градина Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни дејности
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола
**- Извештај за работата на Сју Рајдер Старски дом – Битола за 2008 година**
**- Завршна сметка за финансиското работа на Сју Рајдер Старски дом – Битола за 2008 година.**
**- Програма за работа на Сју Рајдер Старски дом Битола за 2009 година**
ИЗРАБОТУВА: Сју Рајдер Старски дом Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни дејности
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Извештај за работата на територијалната противпожарна единица на Битола за 2008 година**
**- Програма за работа на територијалната противпожарна единица – Битола за 2009 година**
ИЗРАБОТУВА: ТППЕ – Битола
РАЗГЕЛДЕУВА: Комисија за безбедност
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Завршна сметка на Буџетот на Општината Битола за 2008 година**
ИЗРАБОТУВА: Одделение за финансии и буџет .
РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за финансии и буџет и Комисија за вршење надзор врз материјално-финансиско работење
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- План за работата на ЈП „Комуналец” Битола за 2009 година**

**- Извештај за финансиската програма за јавните прометни површини за 2008 год.**

**- Предлог финансова програма за јавните прометни површини за 2009 година**

**- Извештај за финансова програма за јавните зелени површини за 2008 год.**

**- Предлог финансова програма за јавните зелени површини за 2009 година**

**- Извештај за работата на ЈП „Комуналец” Битола во 2008 година**

ИЗРАБОТУВА: ЈП „Комуналец” Битола.
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни и комунални дејности.
Комисија за финансии и буџет
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Завршна сметка за финансиското работење на ЈП „Комуналец” во 2008 година**

ИЗРАБОТУВА: ЈП „Комуналец” Битола.
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни и комунални дејности
Комисија за финансии и буџет
Комисија за вршење надзор врз материјално-финансиско работење
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- План за работата на ЈП „Нискоградба” во 2009 година**

**- Извештај за работата на ЈП „Нискоградба” во 2008 година**

ИЗРАБОТУВА: ЈП „Нискоградба” Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни и комунални дејности
Комисија за финансии и буџет
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Завршна сметка за финансиското работење на ЈП „Нискоградба” во 2008 година**

ИЗРАБОТУВА: ЈП „Нискоградба” Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за финансии и буџет
Комисија за вршење надзор врз материјално-финансиско работење
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- План за работата на ЈП „Пазари” во 2009 година**

**- Извештај за работата на ЈП „Пазари” за 2008 година**

ИЗРАБОТУВА: ЈП „Пазари” Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни и комунални дејности
Комисија за финансии и буџет
УСВОЈУВА: Советот на општината Битола

**- Завршна сметка за финансиското работење на ЈП „Пазари" во 2008 година**

ИЗРАБОТУВА: ЈП „Пазари" Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за финансии и буџет
Комисија за вршење надзор врз материјално-финансиско работење
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- План за работата на ЈКП„Водовод" во 2009 година**
**- Извештај за работата на ЈКП „Водовод" за 2008 година**

ИЗРАБОТУВА: ЈКП „Водовод" Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни и комунални дејности
Комисија за финансии и буџет
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Завршна сметка за финансиското работење на ЈКП „Водовод" во 2008 година**

ИЗРАБОТУВА: ЈКП „Водовод" Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за финансии и буџет,
Комисија за вршење надзор врз материјално-финансиско работење
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Извештај за реализација на Програмата за уредување на градежното земјиште во Општината Битола во 2008 година**
**- Програма за уредување на градежното земјиште во 2009 година**
**- Извештај за реализација на Програмата за одржување, инсталации на локална патна мрежа и улици во Општината Битола за 2008 година**
**- Програмата за одржување, инсталации на локална патна мрежа и улици во Општината Битола за 2009 година**

ИЗРАБОТУВА: Одделение за јавни и комунални дејности при Општината Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни комунални дејности
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Извештај за реализација на Програма за користење и одржување на уличното осветлување на Општината Битола за 2008 година**
**- Програма за користење и одржување на уличното осветлување на Општината Битола за 2009 година**

ИЗРАБОТУВА: Одделение за јавни и комунални дејности при Општината Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни и комунални дејности
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Извештај за реализација на Програма за изработка на урбанистички планови на Општината Битола за 2008 година**
**- Програма за изработка на урбанистички планови на Општината Битола за 2009 година**

ИЗРАБОТУВА и
РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за урбанизам и заштита на човековата средина
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Програма за спроведување превентивна систематска дератизација на каналскиот систем, јавните депонии и ѓубришта на подрачјето на Општината Битола за 2009 година**

ИЗРАБОТУВА: Завод за здравствена заштита Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни и комунални дејности
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Превентивна Програма за контрола и уништување на комарците на подрачјето на Општината Битола во 2009 година**

ИЗРАБОТУВА: Завод за здравствена заштита
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни и комунални дејности
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Квартален извештај за извршувањето на буџетот на Општината Битола за првиот квартал 2009 година**

ИЗРАБОТУВА: Одделение за Финансии и буџет
ПРЕДЛАГА: Градоначалникот на Општината
РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за финансии и буџет
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

- **Основни училишта на подрачјето на Општината Битола**
  - Завршна сметка за 2008 година
  - Финансов план за 2009 година
- **Средни училишта на подрачјето на Општината Битола**
  - Завршна сметка за 2008 година
  - Финансов план за 2009 година

ПРЕДЛАГА: Основните – средните училишта
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни дејности и
Комисијата за финании и буџет
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

- **Старски дом "Сју Рајдер" – Битола**
- **ЈОУ Детска градинка "Естреја Овадија Мара" – Битола**
- **ЈОУ Детска градина "Мајски цвет" – Битола**
  - Завршна сметка за 2008 година
  - Финансов план за 2009 година

ПРЕДЛАГА: Старски дом, Детски градинки
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни дејности и
Комисија за финансии и буџет
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

- **Движење на заразните заболувања во Општината Битола за 2008 година**
- **Опфатот за задолжителна имунизација кај децата за претшколска и школска возраст за 2008 година**

- **Програма за спроведување на превентивната системска дератизација на канализационен систем во Општината Битола и јавната депонија с.Мегленци во 2009 година**
- **Информација за состојбите и проблемите со заболувањата на циркулаторниот систем на подрачјето на ЗЗЗ Битола за 2008 година**
- **Извештај за спроведување на Програмата за здравствено воспитување во 2008 год.**
- **Извештај за спроведување на Програмата за превентивна здравствена заштита на подрачјето на ЗЗЗ Битола за 2008 година**
- **Информација за состојбите со болестите на зависност и алкохолизам за периодот 2008 година на подрачјето на ЗЗЗ Битола.**
- **Анализа на болничкиот морбидитет и морталитет на подрачјето што го опфаќа ЗЗЗ Битола за 2008 година**
- **Анализа за здравствената состојба и здравствената заштита на населението за 2008 година за Општината Битола што ги опфаќа ЗЗЗ Битола.**

ИЗРАБОТУВА: Заводот за здравствена заштита –Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за заштита на човековата средина
УСВОЈУВА: Советот на општината Битола

**- Предлог стратегија за заштита на културното наследство од аспект на заштита од диви ископувања на археолошки локалитети во и вон населени места**

ИЗРАБОТУВА: Завод за заштита на спомениците - Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за безбедност
УСВОЈУВА: Советот на општината Битола

**- Извештај за финансиската поддршка на здруженијата на граѓани, спортските клубови и спортските поединци од Буџетот на Општината Битола**

ИЗРАБОТУВА: Одделение за Финансии и буџет
РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за финансии и буџет
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Квартален извештај за извршувањето на буџетот на Општината Битола за вториот квартал 2009 година**

ИЗРАБОТУВА: Одделение за Финансии и буџет
ПРЕДЛАГА: Градоначалникот на Општината
РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за финансии и буџет
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Информација за состојбите, развојот и унапредувањето на доброволното крводарителство заради задоволување на потребите од крв во Општината Битола во 2009 година**

ИЗРАБОТУВА: Клиничка болница “Др.Трифун Пановски“ – Одделение за трансфузиологија–Битола и Црвен крст - Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за јавни дејности
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Информација за работите што се однесуваат на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот и патиштата за првите шест месеци на 2009 година**

ИЗРАБОТУВА: Командир на полициска станица Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за безбедност
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Програма за работа на полето на превенцијата на асоцијално однесување и малолетника деликвенција**

ИЗРАБОТУВА: Центар за социјална работа - Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за безбедност
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Програма за отстранување на хаварисани возила од јавни површини**

ИЗРАБОТУВА: Сектор – Општински инспекторат
РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за безбедност
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Информација за самохраните родители и бројот на корисници на социјална помош**
**- Информација за семејното насилство**
**- Информација за малолетничка деликванција, самохрани мајки, бројот на корисници на социјална помош и трговија со луѓе**

ИЗРАБОТУВА: Центарот за социјални работи – Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за еднакви можности меѓу жените и мажите
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Информација за остварување на противпожарната заштита во Општината Битола**
ИЗРАБОТУВА: ТППЕ - Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за безбедност
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**<u>ЈУЛИ – АВГУСТ – СЕПТЕМВРИ - III КВАРТАЛ</u>**

- **Основни училишта на подрачјето на Општината Битола**
  - Извештај за работата за 2008 год.
  - Програма за работа за 2009 год.
- **Средни училишта на подрачјето на Општината Битола**
  - Извештај за работата за 2008 година
  - Програма за работа за 2009 година

ПРЕДЛАГА: Основните – средните училишта
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни дејности и Комисијата за финансии и буџет
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

- **ЈОУ Детска градинка "Естреја Овадија Мара" – Битола**
- **ЈОУ Детска градина "Мајски цвет" – Битола**
  - Извештај за работата за 2008 година

ПРЕДЛАГА: Старски дом, Детски градинки
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни дејности и
Комисија за финансии и буџет
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Квартален извештај за извршувањето на буџетот на Општината Битола за третиот квартал 2009 година**

ИЗРАБОТУВА: Одделение за Финансии и буџет
ПРЕДЛАГА: Градоначалникот на Општината
РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за финансии и буџет
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Полугодишен извештај за финансиските средства што се стекнуваат по основ на закуп за објектите во сопственост на Општината Битола**

**- Информација за функционирањето на урбаните и месните заедници и работата на советите**

**- Информација за состојбата со објектите во кои се сместени урбаните и месните заедници**

ИЗРАБОТУВА: Општински одбор на МЗ
РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за месна самоуправа
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

- **Информација за реализацијата на соработката на Општината Битола со збратимените градови**

ИЗРАБОТУВА: Градоначалник на Општина Битола
РАЗГЛЕДУВА и УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**<u>ОКТОМВРИ – НОЕМВРИ – ДЕКЕМВРИ - IV КВАРТАЛ</u>**

- **ЈОУ Детска градинка "Естреја Овадија Мара" – Битола**
- **ЈОУ Детска градинка "Мајски цвет" – Битола**
  - Програма за работа за 2009 година
  - Финансиски план за 2009 година

- **Програма за спроведување на аерозапрашувањето, (аеросолна дезинсекција) на подрачјето од Општината Битола за 2009 година**

ПРЕДЛАГА: Градоначалникот на Општината Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни и комунални дејности
Комисија за заштита на животната околина
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Информација за состојбата со патната и уличната мрежа во селските месни заедници**

**- Извештај за остварувањето на договорите за закуп на објектите во сопственост на Општината Битола**

**- Годишен извештај за финансиските средства што се остваруваат по основ на закуп од објектите во сопственост на Општината Битола**

ИЗРАБОТУВА: Општински одбор на МЗ
РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за месна самоуправа
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Извештај за работата на Координативното тело за пошумување, расадник во 2009 година**

ИЗРАБОТУВААТ: Координативното тело
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за заштита на човековата средина
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Програма за одржување улиците во зимски услови во Општината Битола за 2009/10 година**

ИЗРАБОТУВА: Одделение за јавни и комунални дејности при Општината Битола
РАЗГЛЕДУВА Комисија за јавни и комунални дејности
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Одлука за организиран пречек на НОВАТА 2010 ГОДИНА**

ИЗРАБОТУВА: Комисија за јавни дејности
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Квартален извештај за извршувањето на буџетот на Општината Битола за четвртиот квартал 2009 година**

ИЗРАБОТУВА: Одделение за Финансии и буџет
ПРЕДЛАГА: Градоначалникот на Општината
РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за финансии и буџет
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Извештај за работата на Советот на Општината Битола во 2009 година**

ИЗРАБОТУВА: Претседател на Советот на Општината Битола
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Програма за работа на Советот на Општината Битола за 2010 година**

ИЗРАБОТУВА: Комисија за утврдување Предлог-програмата
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

10.-

- **Буџет на Општината Битола за 2010 година**
- **Одлука за извршување на Буџетот на Општината Битола за 2010 година**

ИЗРАБОТУВА: Одделение за финансии и буџет
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за финансии и буџет
Комисија за вршење надзор над материјалното и финансиското работење
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**НОРМАТИВЕН ДЕЛ**

Нормативниот дел од Програмата за работа на Советот на Општината Битола ја регулира нормативната дејност на Советот во 2009 година, односно донесувањето на нормативните акти од негова страна и нивното усогласување со новите прописи што ќе бидат донесени во текот на 2009 година.

**ЗАВРШЕН ДЕЛ**

За извршување на Програмата се задолжуваат изготвувачите, предлагачите и сите останати учесници да се придржуваат на роковите утврдени во истата.

Во текот на 2009 година Советот на Општината Битола ќе ги разгледува и сите дополнителни прашања што ќе произлезат од тековното работење.

Програмата ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 07-3787/27
29.12.2008 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола,
Лилјана Кузмановска